# СУДСКО И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКА ЕТИКА:
# ЕТИЧКИ ДИЛЕМИ ПОВРЗАНИ СО ПРИСУСТВОТО НА СУДИИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ




**M-r ILIR ISENI**

- Судија на Основен суд Дебар (во мирување)
- Поранешен Претседател на Основен суд Дебар
- Заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО)

# А Г Е Н Д А

1. **Актуелноста на темата околу користењето на социјалните медиум**
2. **Принципи, упатства, стандарди и мислења поврзани со користењето на социјалните медиуми од меѓународна и национална перспектива**
3. **Отворени прашања и предизвици при користењето на социјалните медиуми од страна на судиите и јавните обвинители**
4. **Препораки – со примери**

**„Четири работи му припаѓаат на судијата:**
**да слуша учтиво, да одговара мудро, да размислува трезвено и да одлучува непристрасно”.**

***Сократ***

**„Квалитетите на добар обвинител се исто толку неостварливи и невозможни да се дефинираат како оние што го обележуваат еден господин. А оние на кои треба да им се каже тоа и онака не би го разбрале“.**

***Robert H Jackson***

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Актуелноста на темата

Scroll less.
Live more!

https://www.youtube.com/watch?v=bq6769oO9AQ

- Социјалните медиуми стануваат се позначајни, интегрирајќи се во приватниот, институционалниот, политичкиот, бизнис, образовниот, и судскиот/ЈО живот.
- Според податоците на Обединетите нации (ОН), на крајот на 2023 година на Земјата имало повеќе од осум милијарди луѓе, поточно 8.045.311.447, а на крајот на 2024 година тој број достигнал повеќе од 8.118.000.000.
- Над 5 милиарди корисници на интернет.
- Над 4,26 милиарди корисници на социјалните медиуми (Facebook, Twitter (X), LinkedIn, Instagram, Snapchat, Tumblr, Viber, WhatsApp, *идр.)*
- Facebook – над 2,85 милиарди активни корисници

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Актуелноста на темата

- Не треба да се стави под сомнеж правото на судијата/ ЈО за користење на социјалните медиуми. Тоа би претставувало **повреда** на слободата на изразување и на правото на приватен живот.
- Важно е да се прави **разлика** меѓу институционалното користење на овие нови медиуми од судовите/ ЈО и личното т.е. приватно користење на социјалните медиуми од судиите/ ЈО, како поединци.
- "Секое дејство на владина или невладина институција или организација, како и секое недејствување од нивна страна, е форма на комуникација која може да влијае на начинот на кој јавноста ги доживува" ***Edward Bernays**** *(1945)* ***„таткото на односите со јавноста"***

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Актуелноста на темата

- За еден судија/ ЈО, користењето на социјалните медиуми, било да е тоа и во неговиот/ нејзиниот приватен живот, треба секогаш да се разгледа во однос на неговата/ нејзината независност, непристрасност и интегритет.

  (Мислењето на Советодавното телот за етика на судиите и судиите поротници при Здружение на судиите на РСМ од 22 јуни 2020 година)

https://sudiskaetika.mk/assets/dok/mislenje1.pdf

- Од една страна, користењето на социјалните медиуми од судијата/ ЈО може да претставува **ризик за создавање сомнежи** дека тој/таа може да биде пристрасен/на, или пак да биде под надворешно влијание, кое ќе влијае во јавната доверба за правосудството во целина.

**Актуелноста на темата**

**Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива**

**Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива**

**Отворени прашања и предизвици**

**Препораки**

# Актуелноста на темата

- Од друга страна, може да го **зголеми разбирањето на јавноста** за дејствувањето на правосудството (правосудните институции), преку пренесување повеќе информации, како за дејствувањето на правосудниот систем, така и за самите судии/ ЈО, како поединци.
- Прашањето за изнаоѓање баланс – **останува деликатно**
- Самобалансирањето на корисникот на социјалните медиуми: поединец (граѓанин) vs. судија/ ЈО
- Во определувањето на овој баланс, влијаат неколку фактори како помеѓу различните места, различните правни традиции и улогата на судијата/ ЈО во општеството, така и помеѓу самите судии/ јавни обвинители.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

- За однесувањето на судиите во он-лајн просторот (социјалните медиуми) не постојат унифицирани правила. (Не постојат конкретни правила за користење на социјалните медиуми, но дека општите деонтолошки правила за воздржаност на судиите во јавното изразување важат и за социјалните медиуми – Венецијанска Комисија, 2019)

https://venice.coe.int/webforms/documents/?pdf=CDL-PI(2019)003-e

- Но, како ориентациска точка, како и за многу други прашања, се земаат:

1. Бенгалорсите принципи на Обединетите нации од 2002 година.
2. Необврзувачкото упатство за користење на социјалните мрежи од судиите на Канцеларијата на Обединетите Нации, и
3. Практичните упатства за користењето на социјалните медиуми: во централен и источноевропски контекст на CEELI-Институтот за владеење на правото од Прага, изготвено од судии во овие европски региони, *и други.*

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

## 1. Бенгалорските принципи:

- Во согласност со **принципот на коректност** (4.6), на судиите **не им е забрането** да ги користат социјалните мрежи, бидејќи е важно тие и како граѓани и во нивната судиска улога, да бидат активно вклучени во заедницата на која што ѝ служат. Но, тоа однесување, сепак **не е неограничено,** поради специфичноста на нивната функција.
- Во коментарот на параграфот 31 од овие принципи се нотира дека иако од судијата се бара да се однесува построго и повнимателно од другите луѓе во општеството, би било неразумно да се очекува да се повлече од јавниот живот. **„Целосната изолација на судијата од заедницата каде што живее не е ниту можна ниту пак корисна“**

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

## 2. Необврзувачкото упатство за користење на социјалните мрежи од судиите на Канцеларијата на ОН:

- Пропишува дека начинот на кој судиите се однесуваат на социјалните медиуми **може** да влијае врз перцепцијата на јавноста за сите судии, како и за довербата во судството.
- Сепак, се наведува дека има случаи каде се создала перцепција за судиите кои користат социјални медиуми дека се пристрасни, или се предмет на влијанија. Она што е јасно е дека **неприфатливо е** судиите да дискутираат на социјалните мрежи за конкретен предмет за кој постапуваат.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

## 2. Необврзувачкото упатство за користење на социјалните мрежи од судиите на Канцеларијата на ОН:

- „Иако судиите, како и останатите граѓани, **имаат право на слобода на изразување, верување, здружување и собирање**, тие секогаш треба да се однесуваат на начин што ќе ги зачуваат достоинството на нивната работа и непристрасноста и независноста на судството“, забележано е во Упатството.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

**3. Практичните упатства за користењето на социјалните медиуми: во централен и источноевропски контекст на CEELI Институтот за владеење на правото од Прага:**

1. Достоинствено претставувајте го судството во СИТЕ содржини на социјалните медиуми
2. Никогаш не ги коментирајте тековните предмети
3. Не користете социјални медиуми за да истражувате странки
4. Внимавајте кого прифаќате како „пријател“ и што и кого „лајкувате“

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

**3. Практичните упатства за користењето на социјалните медиуми: во централен и источноевропски контекст на CEELI Институтот за владеење на правото од Прага:**

5. Одбегнувајте политички и комерцијални коментари
6. Прилагодете ја и следете ја вашата онлајн видливост
7. Заштитете ги вашите лични податоци
8. Едуцирајте го вашето семејство и пријателите
9. Користете ги социјалните медиуми за едуцирање на јавноста
10. Континуирано едуцирајте се за социјалните медиуми

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

## 4. Венецијанската Комисија при Советот на Европа

- Во прегледот на одредбите за користење на социјалните мрежи на Канцеларијата на Обединетите Нации, забележува дека **не постојат** специфични правила за овие прашања, но општите деонтолошки насоки за ограничување на јавното изразување важат и за однесувањето на социјалните медиуми.
- Регулирањето на однесувањето на судиите во он-лајн просторот според анализата на Венецијанската комисија е различно уредено прашање во различни држави. Но, во најголем дел од државите како што се Австрија, Белгија, Хрватска, Грција и други, нема јасно прецизирани правила за користење на социјалните мрежи од судиите, освен општите деонтолошки правила.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

## 5. Упатството кое се однесува на начинот на комуникација со јавноста на судовите и обвинителствата на Советот на Европа

- „Несоодветното користење на социјалните медиуми донесува и опасност од одредена банализација на правдата“, пишува во Упатството на Советот на Европа.
- Фактот што на дискусиите за правдата на фан-страниците може да се приклучи секој ја остава отворена дилемата дали ова може да има контра-ефект.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

## КОДЕКС ЗА ЕТИКА НА СУДИИТЕ И СУДИИТЕ ПОРОТНИЦИ

**ПРИНЦИПИ**

- НЕЗАВИСНОСТ
- НЕПРИСТРАСНОСТ
- ИНТЕГРИТЕТ
- ПРИСТОЈНОСТ
- ЕДНАКВОСТ
- СТРУЧНОСТ И СОВЕСНОСТ

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

## КОДЕКС ЗА ЕТИКА НА СУДИИТЕ И СУДИИТЕ ПОРОТНИЦИ – Прирачникот за спроведување на кодексот за етика на судиите и судиите поротници

**Принципот: ПРИСТОЈНОСТ**

4.1. Судијата/судијата поротник ја избегнува **непристојноста** и сѐ друго што имплицира непристојно однесување, при вршењето на своите активности како судија.

4.2. Судијата/судијата поротник, како предмет на постојано набљудување од страна на јавноста, слободно и доброволно прифаќа **лични ограничувања** што обичниот граѓанин може да ги смета за преголемо оптоварување. Судијата/судијата поротник се однесува на начин што е во согласност со достоинството и дигнитетот на судиската функција.

4.3. Судијата/судијата поротник во своите лични односи со одделни членови на правната професија што редовно работат во неговиот суд, **избегнува ситуации** што би можеле да доведат до сомневање за постоење на наклонетост, односно пристрасност.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

## КОДЕКС ЗА ЕТИКА НА СУДИИТЕ И СУДИИТЕ ПОРОТНИЦИ – Прирачникот за спроведување на кодексот за етика на судиите и судиите поротници

**Принципот: ПРИСТОЈНОСТ**

4.4. Судијата/судијата поротник **не смее да дозволи** неговото живеалиште да се користи спротивно на принципите на овој Кодекс.

**4.5. Судијата/судијата поротник, како и секој друг граѓанин, има право на слобода на изразувањето, верувањето, здружувањето и собирањето, но при остварувањето на овие права, секогаш се однесува на начин со кој се зачувуваат достоинството и дигнитетот на судиската функција и непристрасноста и независноста на судството.**

**4.6. Судијата/судијата поротник не смее да дозволи семејните, социјалните или другите односи несоодветно да влијаат врз однесувањето при вршењето на судиската функција.**

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

## КОДЕКС ЗА ЕТИКА НА СУДИИТЕ И СУДИИТЕ ПОРОТНИЦИ

**Принципот: ПРИСТОЈНОСТ**

4.7. Судијата/судијата поротник **не смее доверливите информации** што ги стекнал при вршењето на судиската функција да ги користи, односно да ги открива за која било цел освен за целите поврзани со судиските должности.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

## ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

**ПРИНЦИПИ**

- САМОСТОЈНОСТ
- НЕПРИСТРАСНОСТ
- ИНТЕГРИТЕТ
- СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ
- ЕФИКАСНОСТ И СТРУЧНО ПОСТАПУВАЊЕ
- ПРОФЕСИОНАЛНОСТ
- ДОСТОИНСТВО
- ВОЗДРЖАНОСТ

# РАБОТА ВО ГРУПИ



**Актуелноста на темата**

**Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива**

**Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива**

**Отворени прашања и предизвици**

**Препораки**

# Отворени прашања и предизвици

- Основното прашање е **дали** овие нови средства за социјална комуникација **треба да се третираат на ист начин** како традиционалниот печат, радио и медиуми кои досега беа предмет на Европскиот суд за човекови права, или дали бараат нов и поинаков сет на критериуми.
- Следствено на тоа, има ли разлика помеѓу традиционалните и новите социјални медиуми ?
- Прашањето е **дали** судијата/ јавниот обвинител **е целосно слободен** да го изрази своето мислење, и ако е така, какви ќе бидат последиците од таквите постапки за него или неа како судија/ јавен обвинител.
- Судиите/ ЈО се соочуваат со прашањето **дали да им се приклучат на социјалните мрежи**, но уште повеќе како да се однесуваат, имајќи ги предвид отворените дилеми кои произлегуваат од специфичноста на нивната функција.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Отворени прашања и предизвици

- Дилемите за тоа дали и како судиите/ ЈО треба да ги користат и да се однесуваат на социјалните мрежи се **претежно** од етички карактер. Препораките на стручната јавност генерално се во насока дека користењето на социјалните мрежи не е забрането, дури во некои случаи е и препорачливо, но со одредени ограничувања, имајќи ја предвид функцијата.
- Анализирајќи ги меѓународните прописи може да се констатира дека досега се објавени **релативно мал број документи** кои даваат конкретни насоки и кои го уредуваат ова прашање. Ова особено затоа што станува збор за појавување во он-лајн просторот каде што комуникацијата е јавна, што законски не може да се ограничи.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 1. Достоинствено претставувајте го судството во СИТЕ содржини на социјалните медиуми

- Судиите треба да одлучат во каква улога, дали професионална или лична, ќе се појават на социјалните медиуми;
- Одлучете како ќе се претставите на вашиот профил. Не се работи само за впечатокот кој го оставате, туку и за потенцијалните далекусежни последици од вашите активности

1. Случајот со судијата Д. К. во Хрватска кој како профилна слика на Facebook користел лик од цртан филм, а адвокат кој застапувал една од странките во кривична постапка, побарал изземање на судијата бидејќи сметал дека таква профилна слика е несоодветна. https://www.antenazadar.hr/clanak/2012/10/zbog-profila-pajo-patak-petricic-zatrazio-izuzece-domagoja-kurobase/
2. Случајот со судијката Е. К. од Албанија, која стана позната по објавувањето на нејзините видеа на „Тик-ток“ додека продефилира во канцеларијата, била суспендирана од функцијата со право да зема минимална плата за период од 6 месеци. https://www.tiktok.com/@zoom.al_news/video/6968392990746283269 https://www.facebook.com/watch/?v=136407948551864

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 1. Достоинствено претставувајте го судството во СИТЕ содржини на социјалните медиуми

3. Случајот со судијата К. Д. од Романија, кој што на ТикТок профилот имал над 9.000 следбеници, која сега е приватна. Но, пред неговата суспензија, тој бил прилично активен, како што е прикажано на снимката споделена на YouTube. Во едно видео, објавено на YouTube од романскиот канал за вести Б1, Данилет може да се види како вежба боречки вештини во базенот, како и изведува работи во својот двор. Данилет бил суспендиран од Врховниот судски совет поради „однесување што влијае на имиџот на правосудниот систем“ https://www.youtube.com/watch?v=kkvayAQT2jM

   Во случајот Danilet v. Romania (Пресуда бр. 16915/21 од 20 јуни 2024), ЕСЧП ја прогласил, едногласно, жалбата во врска со член 10 од Конвенцијата за допуштена и жалбата во врска со член 8 од Конвенцијата за недопуштена; и утврдил, со четири гласа „за“ и три „против“, дека има повреда на член 10 од Конвенцијата. Случајот е упатен на Големиот Совет на ЕСЧП, на барање на Романската Влада. На ден 18 декември 2024 година заседаваше Големиот совет по однос на жалбата на апликантот, и во наредниот период се очекува одлука на ГС.

4. Случајот со главната јавна обвинителка на Јавното обвинителство на БиХ, Гордана Тадиќ, која на својата Фејсбук страница на 19 април објавила дека ВСОС и вршел притисок за префрлање на предмети за високо позиционирани функционери од државната во кантоналното обвинителство во Сараево. https://www.slobodnaevropa.org/a/gordana-tadic-tuzilastvo-bih-udt/31928169.html

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 1. Достоинствено претставувајте го судството во СИТЕ содржини на социјалните медиуми

- Задржете професионален тон (дали да стои „судија“ или “ЈО“ пред вашето име?) https://www.linkedin.com/in/ilir-iseni-ll-m-54a34723a/ (личниот профил)
- Ако вашите објави се посветени на подигање на свеста за правни прашања, одлучете дали ќе ги користите истите комуникациски канали и за приватни објави;
- Одбегнувајте постирање на приватни објави во текот на работното време, бидејќи на сите објави стои времето на објавување;
- Однесување кое се смета за несоодветно во реалниот свет не се препорачуваат ниту во виртуелниот свет;
- Судиите треба да одбегнуваат несоодветни или непристојни изрази и вулгарности, сатирични изрази, сарказам или ironични критики, коишто може да доведат до нарушување на интегритетот на судијата;

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 1. Достоинствено претставувајте го судството во СИТЕ содржини на социјалните медиуми

- Фотографиите и коментарите кои се објавуваат на Facebook или други социјални медиуми, вклучително и при користење апликации за запознавање, треба да се пристојни и учтиви.

(Најбезбедно е да го почитувате правилото за објавување на оние постови, мислења или фотографии што би биле соодветни за поставување и на насловна страница на реномирани дневни весници или би биле емитувани во ударни термини на националната TV!)

… “ВО МОМЕНТОТ КОГА ЌЕ СЕ ПОЈАВИ И НАЈМАЛ СОМНЕЖ, - ПРЕСТАНЕТЕ“ ..

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 2. Никогаш не ги коментирајте тековните предмети

- Коментирањето на пресудите или тековните предмети е особено чувствително прашање бидејќи може да предизвика сомнеж во непристрасноста и објективноста на судијата и судскиот систем.

Случајот во САД во кој судијата бил казнет поради коментар на Фејсбук профилот на адвокатот за судски предмет што се водел пред него

- Ако фотографирате заради јавно објавување на социјален медиум, имајте предвид дека современите камери регистрираат многу повеќе детали отколку што е видливо со голо око на вашиот мобилен телефон.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 3. Не користете социјални медиуми за да истражувате странки

- Судиите мора да ги имаат предвид само доказите презентирани од странките, како и сите факти кои му се предочени на судот на пропишан начин;
- Судиите треба да се воздржат од истражување на социјалните медиуми, на дополнителни информации за странки или адвокати во предмети по кои постапуваат;
- Имајте во предвид дека некои социјални платформи, како што е LinkedIn, им овозможува на корисниците да видат кој го видел нивниот профил. Не претпоставувајте дека можете анонимно да ги користите социјалните медиуми;
- Ако некој ви испрати приватна порака преку социјален медиум или на вашата официјална емаил адреса, особено ако во тој момент постапувате во предмет на таа личност, треба да го предупредете испраќачот дека таквата комуникација е недозволлива.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 4. Внимавајте кого прифаќате како „пријател“ и што и кого „лајкувате“

- Судиите би требало да бидат внимателни и селективни при бирање „пријатели„ на Facebook. Во повеќето случаи, судиите не би требало да се пријатели со адвокати, полицајци и други личности кои како странки се појавуваат во предметите во кои редовно постапуваат

Да се состави службена белешка ако некој “пријател“ станува инволвиран во некој случај.

Мислењето број 2010-7 од 3 Декември 2010 година на Врховниот суд на Охајо, Одборот на комесарите за поплаки и дисциплина, се однесува на прашањето дали судијата може да биде „пријател“ на социјална мрежа со адвокат кој се јавува како бранител во случај пред судијата? Одборот во образложението констатира дека ... „Розата е роза. Дали „пријателот“ (на социјалните мрежи) е пријател? Не мора. „Пријател“ на социјалните мрежи може или не може да биде пријател во вистинска смисла на зборот“.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 4. Внимавајте кого прифаќате како „пријател“ и што и кого „лајкувате“

- Внимавајте кога „лајкувате“ или „следите“, одредена политичка група, религиозна група, содржина од медиум или друга Facebook страница, којашто може да создаде негативна перцепција во јавноста за вашата независност.

Случајот **Law Office of Herssein and Herssein vs. United Services Automobile Association**, бр. SC17-1848, Пресуда од 15 Ноември 2018 година на Врховен суд на Флорида, во кое тужителите предложиле [изземање] кое делумно се засновало на фактот што [Израел] Рејес [адвокат што се појавува пред судечкиот судија во име на потенцијален сведок и потенцијална странка во судскиот спор] бил наведен како „пријател“ на личната Фејсбук страница на судечкиот судија... Судот утврдил дека .... “[В]иртуелното „пријателство“ (на Фејсбук) не може да се поистоветува со вистинско пријателство. Вистинското пријателство варира од „блиско пријателство“ до „случајно познанство“; Пријателствата на Фејсбук се движат од „најблиска или интимна врска“, до „виртуелни странци“ или „тотално странци“ ... Виртуелното пријателство не може да се спореди со пријателство во соседството, на работа или на училиште. Може да трае само онолку колку што ќе кликнете на копче“. Одтука, Судот нашол дека “.... **наводот дека судечкиот судија е „пријател“ на Фејсбук со адвокат кој се појавува пред судијата, само по себе, не претставува законски доволна основа за изземање“.**

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

**4. Внимавајте кого прифаќате како „пријател“ и што и кого „лајкувате“**

- Секогаш, одбегнувајте „лајкување“ или „следење“ на непримерни страници преку кои се промовира расизам, омраза, хомофобија, нетрпеливост, нетолеранција или било какви други предрасуди.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 5. Одбегнувајте политички и комерцијални коментари

- По правило, судијата не смее јавно, на било која платформа од социјален медиум, да ги изнесува своите политички ставови, освен кога е за прашања поврзани со правосудството.

Случајот со Заменик-обвинителката Jordan Stroh (Ouellette), која била отпуштена од Обвинителството на округот Хенкок поради „несоодветни објави кои ја прекршуваат изјавата за мисијата на канцеларијата“ на нејзината страница на социјалните мрежи. Таа била информирана преку е-пошта дека нејзините услуги повеќе нема да бидат потребни. Одлуката доаѓа откако Brent Eaton бил запознаен со објавите во кои барала оние кои гласале за Доналд Џ. Трамп да биде претседател, “да ја исклучат од пријатели“ и „Ми се гадите и очигледно не ме почитувате мене или другите човечки суштества“. Таа објавила и други изјави и коментари со кои ги омаловажува поддржувачите на Трамп и барем една изјава во која ги споредува оние кои го поддржуваат Трамп со нацистите. https://www.kansascity.com/news/nation-world/national/article295731789.html

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 5. Одбегнувајте политички и комерцијални коментари

- Препорачливо е воздржување од политички дебати. Ако судија учествува во размена на политички мислења на платформа на социјален медиум, дури и како неутрална страна, неговата објективност се доведува во прашање доколку ја поврзат со таквиот разговор, што потоа индиректно или директно ја дискредитира објективноста на целиот правосуден систем.

1. Случајот со судијата Марк Б Кохен, кој бил суспендиран бидејќи во својот ФБ профил во текот на 2021 и 2022 година постирал дека Демократскиот гувернер на Пенсилванија Џош Шапиро е „подготвен за работата“, Претседателот Џо Бајден е „одличен претседател“, Законот за намалување на инфлацијата е „победа за фискалната одговорност“, а намалувањето на студентскиот долг „има многу смисла“, меѓу другите изјави.

https://www.youtube.com/watch?v=Xgh00KxNZQ8

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 5. Одбегнувајте политички и комерцијални коментари

2. Случајот во Грција кога бил казнет судијата кој жестоко го критикувал економскиот пакет одобрен по избувнувањето на кризата, откако на блог ги нарекол членовите на Советот на министри **„предавници“.**

3. Случајот со судијата **Birgit Malsack-Winkemann** од Германија, за кое Управниот суд во Берлин утврдил дека „... иако некои од коментарите на судијката [Birgit Malsack-Winkemann] во парламентот може да се сметаат за екстремистички, нејзините објави на социјалните мрежи не беа „во квантитет или содржина“ за да ја дисквалификуваат за вршење на должноста судија“. **(Судијата била уапсена на 8 декември 2022 година заради учество во движењето Reichsbürger – Граѓаните на Рајхот)**

4. Случајот со Државниот обвинител на Баден-Виртемберг, Thomas Seitz, кој на својот Facebook профил постирал дека **„...имигрантите носат болести со себе“.** Истиот бил разрешен бидејќи била доведена во прашање неговата лојалност кон Уставот, поради повреда на обврската за непристрасност.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 6. Прилагодете ја и следете ја вашата онлајн видливост

- Секогаш кога објавувате нешто на Интернет, најдобро е да се претпостави дека секој може да ја види објавата, бидејќи не можете да знаете дали други веќе го споделиле она што го објавувате со нивни пријатели во рамките на мрежата или надвор од неа;
- На Facebook, објавувањата се ограничени на членовите на мрежата со можност за прецизирање на нивната видливост: како јавни објави, само за пријатели, само за пријатели со некои исклучоци или наменети само за една личност; (https://helpdeskgeek.com/wp-content/pictures/2019/07/facebook-post-specific-friends.png
- На Твитер, сите пораки се јавно достапни и за оние кои не се членови на оваа мрежа и објавите (твит-овите) може да се копираат и споделуваат преку електронска пошта или на друг начин, без знаење на лицето кое „твитнало“. Објавата (твит-от) на оваа мрежа може да го избришете, но никој не може да ви гарантира дека некој не го зачувал или пресликал (screenshot) од некого.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 6. Прилагодете ја и следете ја вашата онлајн видливост

- Редовно да го пребарувате вашето име со помош на најчесто користените пребарувачи;
- Повремено, би требало да пребарувате и разлини платформи за да можете да видите дали се објавени ваши лажни профили;
- Ако користете псевдоним, за да не ве идентификуваат, тоа не ви гарантира дека ќе останете анонимни.

1. Имало случај кога судија од Грција на својот блог под псевдоним објавила расистички коментар, но нејзиниот идентитет набрзо бил откриен.
2. Друг случај имало во Франција кога судијата и обвинителот биле казнети поради користење псевдоними на Твитер и разменувале ставови за предмет во судска постапка во кој и двајцата учествувале, што предизвикало бурни реакции во јавноста.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 7. Заштитете ги вашите лични податоци

- Креирање профил на социјална мрежа, вклучува пополнување и на основни лични податоци и информации, првенствено вашето име и електронска адреса;
- Добро размислете пред да објавувите ваши лични податоци вклучително и ваша домашна адреса, семејни фотографии или информации за училиштето каде што учат вашите деца;
- Отварање електронска адреса или профил на социјален медиум вклучува и избирање на корисничко име и лозинка. Квалитетот на лозинката што ќе ја одберете е пресуден за зачувување на интегритетот на вашата комуникација;

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 7. Заштитете ги вашите лични податоци

- Со оглед дека не е лесно да се запомнат голем број различни лозинки, може да ги имате во обзир следните примери:

✓ Користете почетокот од стих на поема, поговорка или рима што ја знаете напамет;

✓ Додадете израз што може лесно да го запомните и кој нема содржина/ асоцијативна врска, нешто што е сосема вон контекст;

✓ Комбинација на големи и мали букви;

✓ Додадете броеви;

✓ Додадете специјални ознаки (#, &, /, $, %).

- Доколку ви е достапно, размислете за користење на двофакторска автентификација (што се нарекува 2FA или „двофакторска автентификација“). (Лозинка + дополнителен код)

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 7. Заштитете ги вашите лични податоци

- Одбегнувајте употреба на јавни уреди, како што се компјутери на аеродромските терминали или рецепции во хотели. Ако мора да користите вакви уреди, секогаш одјавете се после користењето на интернет-услугите;
- Службените е-маил адреси се користат исклучиво за службена кореспонденција и за службени цели. За приватната комуникација со семејството и пријателите и за лични потреби треба да користите приватна е-маил адреса;
- Иако е се поголем бројот на емаил пораки кои шифрирано се пренесуваат помеѓу сервери, секогаш би требало да претпоставите дека содржината на е-маил пораката може да е достапна и за други.

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 8. Едуцирајте го вашето семејство и пријателите

- Членовите на семејството и пријателите на судиите би требало да ги почитуваат границите и да водат сметка да не ја загрозат вашата професионална непристрасност, интегритетот или достоинството преку објави на нивен профил на социјален медиум или на Интернет (да се прашува секогаш доколку тие сакаат да објават слика во која се наоѓа судијата)
- Разговарајте со нив за да се осигурате дека тие ја разбираат чувствителноста на вашата судска функција и на потенцијалните последици од евентуални нивни објави на Интернет.
- Побарајте од нив да не откриваат јавно ваши лични податоци, како што се адреси, фотографии од одмор или било кои други информации кои би можеле да се предмет на злоупотреба.

**Актуелноста на темата**

**Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива**

**Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива**

**Отворени прашања и предизвици**

**Препораки**

# Препораки

## 9. Користете ги социјалните медиуми за едуцирање на јавноста

- Социјалните медиуми се одлична алатка за вклучување на јавноста, промовирање на транспарентоста, појаснување на важноста на судската работа и обезбедување информации за судовите.
- Ако ги користете социјалните медиуми како начин за едукација, бидете свесни дека постои можност троловите да преформулираат на лошо сé што сте објавиле. (Трол на Интернет (cyber-малтретирање, компјутерски напади) е лице кое предизвикува кавги или малтретира луѓе преку Интернет за да го одвлече вниманието и да шири раздор)
- Платформите на социјалните медиуми исто така може да ги користат и групи или здруженија, а не само поединци. (На пример, Здружението на судии може да одлучи да постави одредена страница на социјален медиум)

* Случајот со Iustitia (Полска) https://iustitia.pl/, https://x.com/JudgesSsp

Актуелноста на темата

Користењето на социјалните медиуми од меѓународна перспектива

Користењето на социјалните медиуми од национална перспектива

Отворени прашања и предизвици

Препораки

# Препораки

## 10. Континуирано едуцирајте се за социјалните медиуми

- **Континуираната едукација на судиите/ ЈО за употреба на социјалните медиуми е од пресудно значење;**
- Правилата и натаму со текот на времето ќе се развиваат. Секогаш постапувајте со внимание и обидувајте се да се придржувате кон кодексот на однесување, кон домашните и меѓународни прописи, почнувајќи од Бенгалорските принципи и сите останати.

**“Има два дена во годината што не можеме ништо да направиме, вчера и утре”**

***Mahatma Gandhi***



***Библиографија:***

1. The Bangalore Principles of Judicial Conduct (2002)

2.Guide on Communication with Media and the Public for Courts and Prosecution Authorities (European Commission for the Efficiency of Justice (CEPEJ), 3 and 4 December 2018)

3. Кодекс за етика на судиите и судиите поротници (Септември 2019 година)

4.Use of social media by Judges deontological rules or instructions/ relevant case-law (European Commission for Democracy through Law (Contribution by Venice Commission, 29 April 2019)

5.Извештај на Институтот CEELI - Практични упатства за користење социјални медиуми од страна на судиите: Централна и Источна Европа (2019)

6. Discussion Guide: The Use of Social Media by Judges (UNDOC, 2019)

7. Прирачник за спроведување на кодексот за етика на судиите и судиите поротници (2020)

8. Етички кодекс на јавните обвинители во Република Северна Македонија (2021)

9.Annual judicial seminar 2021 of the ECHR – Exercise of freedom of expression by judges: Social media, (Speech by Maria Encarnacion Roca Trias, Strasbourg, 10 September 2021)

10.Judges on social media: freedom of expression versus duty of judicial restraint – lessons from Danilet v. Romania (By Koen Lemmens, June 7 2024)

**КРАЈ/FUND**

***ВИ БЛАГОДАРАМ!***

***JU FALEMINDERIT!***

***Ilir.Iseni@jpacademy.gov.mk***